Habitat for Humanity®
Македонија

*Градење домови, градење надеж*

Скопје, 06.07.2016

Предмет: **Барање за доставување на понуда за изведба на фасадерски работи**

Здружението за хумано домување Хабитат Македонија, основано во 2004 година е македонска невладина и непрофитна организација, член на глобалната мрежа за справување со сиромашното домување Habitat for Humanity International.

Стратегискиот план на Хабитат Македонија, меѓу другите, вклучува и Програма за новоградби, која предвидува изградба на станбена населба во Велес. Првата фаза од Програмата е реализирана, односно завршена е изградбата на првите 4 објекти. Во тек е реализација на наредната фаза од Програмата во која Хабитат Македонија гради еден станбен објект со вкупна проектирана површина од приближно 825 $м^2$.

За оваа цел, Хабитат Македонија има потреба од набавка на дел од завршните градежно – занаетчиски работи. Поради тоа, Ве покануваме да доставите понуда за изведба на фасадерски работи во горенаведениот објект, според Повикот и условите на набавка бр. 27/2016 доставени во прилог на ова писмо.

Доколку постои интерес од Ваша страна, Ве молиме понудата да ја доставите најдоцна до 29.07.2016 година (петок) до 16 часот. Понудата да се достави курирски, со предавање во просториите на Хабитат Македонија на наведената адреса.

Контакт лице за дополнителни информации е Андреј Апостолски (тел. 02/3061890, е-меил: aapostolski@habitat.org.mk).

Во очекување на Вашата понуда, однапред Ви благодариме.

Прилози:
1. Повик и услови на набавка бр.27/2016;
2. Електронска копија од основен проект бр.01-01/2013, фаза архитектура, како и потребен предмер.

П.ФАХ 407
Никола Парапунов бр. 41
Комплекс Макотекс 1. кат
1000 Скопје, Македонија
+ (02) 3061890
info@habitat.org.mk
www.habitat.org.mk